Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2025, до 20.9.2024 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5380120

Седиште и адреса (улица, број, општина): Франклин Рузвелт 51а/26 Скопје

Застапник: Румена Ѓердовска Којчески

Веб страница: www.hera.org.mk

Електронска пошта (e-mail): hera@hera.org.mk

Телефонски број за контакт: 00 389 3 290 395

Лице за контакт: Елизабета Божиноска

**Предлог - иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година**

**Наслов на иницијативата:**

**Интеграција на методологија и алатка за Родова еднаквост и социјална инклузија (РЕСИ) во рамки на процесот за проценка на влијанието на регулативата (ПВР)**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Иницијативата е поврзана со Стратешкиот приоритет IV - ФУНКЦИОНАЛЕН ИНСТИТУЦИОНАЛЕН СИСТЕМ (стр. 36) од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024 – 2028) во рамки на која се предвидува КВАЛИТЕТЕН ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ, СОЦИЈАЛНА ГРИЖА, КАКО И ОБРЗОВАНИЕ ЗА ИДНИНАТА во рамки на кое се поставени посебни приоритети и цели. Истовремено, иницијативата е поврзана со посебен стратешки приоритет во делот VI – ПРАВА И

СЛОБОДИ, во рамки на кој посебnо се разработени делот на ЖЕНАТА ВО ЦЕНТАРОТ НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО, ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ, како и МЛАДИТЕ ВО ФОКУСОТ, во рамки на кои се предвидуваат и посебно внимание ќе се посвети на повеќе цели поврзани со проценка на влијанието на регулативата (ПВР) и креирање мерки базирани на докази и скроени според потребите на посебните целни групи.

Во тој контекст многу е важно ПВР процесот да се актуализира повторно со сите алатки кои ги нуди и доследно да се применува според Деловник за работа на Владата на Република Северна Македонија (ВРСМ). Имено основна цел на процесот на ПВР е да обезбеди да се добијат релевантни и точни информации за позитивните и негативните влијанија од можните начини за решавање на проблемот, како и за предложениот начин за постигнување на целта заради која се предлага предлогот на закон. ПВР претставува составен дел од процесот на планирање, подготвување, следење и евалуација на политиките и регулативата во министерствата. Квалитетното спроведување на процесот на ПВР придонесува кон ефективно и ефикасно спроведување на законот Согласно Деловникот за работа на ВРСМ.

ПВР се спроведува за предлог на законите кои се доставуваат до Владата за разгледување и утврдување, со исклучок на:

- ✓ законите чие усвојување се предлага по итна постапка,
- ✓ законите за ратификација на меѓународни договори,
- ✓ законите со кои се врши терминолошко усогласување со други закони,
- ✓ предлог Буџетот на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.
- ✓ Законот за задолжување и Законот за гаранции.

Во рамки на предлогот се предвидува обновување на ПВР процесот и интеграција на методи и алатки за унапредување на родовата еднаквост и социјалната инклузија (РЕСИ) со кои ќе се подобрат и унапредат тековните политики. Истовремено ќе се избегнува усвојување на закони, мерки и политики по итна постапка без претходно добро да се анализираат ефектите кои тие можат да ги предизвикаат кај сите сегментирани групи граѓани за кои се предвидени.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Иницијативата е поврзана со повеќе стратешки цели во рамки на претходно спомнатите приоритети од кои посебно се издвојуваат следните:

- поддршка со мерки за заштита на жените жртви на насилство, каде Владата посебно ќе се заложи за подобрување на пристапот до специјализирани сервиси за поддршка на сите жени и нивните деца, за зголемување на бројот и подобрување на квалитетот на сервисите за поддршка
- достапна, ефикасна превентивна здравствена заштита заради спречување на малигните заболувања кај жените, права на пристап до соодветни здравствени услуги кои на жените ќе им овозможат безбедна бременост и породување

- пристап до квалитетна здравствена заштита, посебно кај социјалните ранливи групи на население за ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции, за абортус, за инфертилитет, за малигни заболувања на дојка и матка.

- заштита на жената од сите форми на полово базирано насилство и жртвите на семејно насилство преку зајакнување на законската регулатива, преку посилна и редовна координација на државните и локалните институции и невладините организации, како и преку доследна имплементација на потпишаните меѓународни договори, конвенции и резолуции за човековите права и заштита од насилството врз жената.

- справување со позитивната дискриминација која ќе овозможи еднакви можности за сите етнички заедници во Македонија

- соработка со невладините организации на сите претходно наведени полиња на интерес,

- доследна имплементација на потпишаните меѓународни договори, конвенции и резолуции за човековите права и заштита од насилството врз жената, како и

- развој и унапредување на односите меѓу заедниците во духот на Охридскиот рамковен договор, со цел да се реализираат највисоките приоритети за етничките, културните и граѓанските права кои се зацртани во Уставот.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Иницијативата е поврзана со неколку поглавја и приоритетни подрачја и тоа - 3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ, 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА, како и 3.26.1 ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИ

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Иницијативата се предлага за да може процесот на креирање и редефинирање на тековните политики да ја вгради и интегрира родовата еднаквост и социјалната инклузија (РЕСИ) во рамки на политиките за да може истите да бидат поприлагодени и посоодветни за сите категории на граѓани за кои се наменети.

Сведоци сме дека голем број политики и мерки во многу области на општествениот живот, вклучувајќи го тука здравството, социјалната заштита/политика, образованието, вработувањето итн. беа креирани и понудени без да се направи подетална анализа и проценка, како и соодветно предвидување дали и колку истите ќе допринесат за родовата еднаквост и поголеми придобивки на девојките и жените, но и на другите категории граѓани кои се маргинализирани по различен основ – како Ромите, лицата со попреченост, лицата без образование, лицата од руралните средини и сл.

Со оглед на тоа предложената иницијатива предвидува обновување на процесот на ПВР кој го води и обединува Министерството за јавна администрација (МЈА), со задолжување на секое министерство кое предлага и предвидува соодветни закони или промена на закон, како и пропратни мерки или политики,

да подготви Извештај за ПВР во однос на предложените закони, мерки и политики. Со овој извештај за ПВР би требало да се обезбедат релевантни информации од спроведените анализи, процесот на консултации и препорачаното решение за да можат министрите и Владата колективно да расправаат и да донесат заклучоци во однос на предлог-законот и политиките засновани врз објективни и точни информации. Дополнително релевантното министерство согласно ПВР процесот ќе даде основа за спроведување на консултации со сите засегнати страни за да овозможи транспарентност на процесот и резултатите од анализите.

Во рамки на ПВР процесот се користат и соодветни методи и аналитички алатки како анализа на стандардни трошоци, анализа на ризици и анализа на трошоци и придобивки (cost-benefit анализа) со кои се утврдува дали и колку предложеното решение, мерка или политика ќе успее да придонесе за реализација на крајната цел/и која сакаме да ја постигнеме со конкретната мерка.

Иницијативата на ХЕРА вклучува и нови предлог алатки изготвени според методологијата за родова еднаквост и социјална инклузија (РЕСИ) кои можат да се вградат во рамки на ПВР процесот, со цел да помогнат предложената политика или мерка да се прилагоди на потребите на девојките и жените, како и социјално или по друг основ исклучени и маргинализирани групи граѓани (лица со попреченост, лица со ниско образование итн).

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

- Подобрени и прилагодени мерки во однос на унапредување на родовата еднаквост и социјалната инклузија во нашата земја
- Подобра искористеност на предвидените мерки од страна на најисклучените граѓани во општеството

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Иницијативата нема поголеми финансиски импликации во процесот на изготвување закони, политики и мерки од веќе предвидените, но го зема во предвид отсуството на определени ресурси и капацитети во министерствата, посебно во однос на изготвување на анализа на стандардни трошоци, анализа на ризици и анализа на трошоци и придобивки (cost-benefit анализи) за потребите на ПВР процесот во однос на предложените мерки. Повторно смета дека овие анализи можат да се направат во соработка со академската јавност, граѓанските организации, како и интернационалните организации и агенции за помош и поддршка во нашата земја.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

- ХЕРА (2024). „Рамка за интегрирање на родовата еднаквост и социјалната инклузија во креирање на политиките на Република Северна Македонија“. Скопје;

- HM Government and CSSF Global MEL Partnership (2022). "CSSF GESI Guidance Marker" https://assets.publishing.service.gov.uk/media/66670bb43d0e9a43f75f63cb/ISF_GESI_Marker__Guidance_.pdf
- Adam Smith International and British Embassy Kathmandu (2024). "Gender Equality and Social Inclusion Mainstreaming Research. Final Report": https://assets.publishing.service.gov.uk/media/663e0f65b7249a4c6e9d3264/EACDS_2215_Nepal_BEK_GESI_Final_Report_24_04_19.pdf
- USAID (2020). "Gender Equity & Social Inclusion in Project Management Workbook" https://pdf.usaid.gov/pdf_docs/PA00Z4P5.pdf

Потпис на застапникот

---------------------------

20.09.2024 година

М.П.

ХЕРА-Скопје
Асоцијација за здравствена едукација и истражување
Здружение на граѓани